# МАНИФЕСТ

## НА НАЦИОНАЛНИОТ РУРАЛЕН ПАРЛАМЕНТ НА РУРАЛНИТЕ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**НА СРЕДБАТА** во Крушево на 13 и 14 јуни 2019

**РАЗБИРАЈЌИ** ја клучната улога на руралните области во економскиот развој и квалитетот на живот на руралното население во Република Северна Македонија

**ЗАГРИЖЕНИ** за постојниот јаз помеѓу урбаните и руралните општини во однос на приходот, можностите за вработување и перспективите за младите луѓе

**ГРАДЕЈЌИ** врз приоритетите изразени од страна на руралните граѓански организации при подготовката на Руралниот парламент

**ЗЕМАЈЌИ** ги предвид стратешките национални документи за земјоделство и рурален развој, како и Декларацијата од Корк 02 од 2016 г. „ Подобар живот во руралните средини"

**УБЕДЕНИ** во централната улога на чинителите во процесот на усогласување со ЕУ и подготовки за пристап во ЕУ

**ПОСВЕТЕНИ** да дејствуваме како независен глас кој ги поддржува интересите на граѓаните од руралните средини

**ЈА ПРОГЛАСУВАМЕ СВОЈАТА ВИЗИЈА И БАРАЊА ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
за Трансформација на руралните средини во привлечно место за работа и живеење, со обезбедување одржливост на животната средина, работни места, раст и подобар квалитет на живот.

### #ПОДОБАР КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ ПРЕКУ ИНТЕГРИРАН РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Потребите на руралното население се комплексни и прашањата се повеќе социјални отколку земјоделски. Подобар квалитет на живот во руралните заедници треба да се обезбеди за сите – стари и млади, мажи и жени. Ова бара промена на долгата традиција на политиките за рурален развој, коишто се фокусираат на земјоделството, кон политики насочени кон интегриран рурален развој. Неопходно е да се развие ефикасен механизам за консултации и координација помеѓу владините институции одговорни за различни аспекти на руралниот живот.

### #ОДРЖЛИВ РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Владините политики треба да имаат урамнотежен пристап кон интегрирање на трите димензии на одржливост во руралните средини – социјалната, економската и еколошка димензија. Одржливиот развој бара политики и мерки во однос на животната средина со цел да се ублажат последиците од климатските промени, да се заштити земјоделското земјиште и дивата биолошка разновидност како и разновидноста на фармите. Со цел да се одржи здравјето на луѓето и екосистемите, треба да се промовира органско земјоделство и други агро-еколошки технологии. Граѓанскиот сектор бара од Владата да обезбеди подобро управување со националните паркови со цел да се одржи ова бесценето богатство.

### #ЗНАЕЊЕ, ИНФОРМАЦИИ И ИНОВАЦИИ

Руралниот парламент ја повикува Владата да го премости јазот помеѓу руралното население и новите информации, иновации и знаења. Владата треба да инвестира во создавање функционален Систем за земјоделско знаење и информации (Agricultural Knowledge and Information System (AKIS), сличен на AKIS во земјите членки на ЕУ, кој ке создаде конкурентсност и ќе поттикне и охрабри повеќе ивестиции од бизнис секторот.

## #МЛАДИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ ОБЛАСТИ ВО ЦЕНТАРОТ НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

**Постои интензивен процес на иселување на младите од руралните средини во Република Северна Македонија, кој е поттикнат од нееднаквите можности за образование, кариера и социјален живот. Интересите на младите од руралните области треба да се стават во центарот на стратегијата и политиките за рурален развој, кои треба да содржат посебни мерки насочени кон младите. Неопходни се инвестиции во подобро образование и стручна обука со цел да се премости јазот помеѓу квалитетот на образованието и потребите на модерната економија, како и инвестиции во спортски објекти, детска грижа, кои се само неколку спомената области. Неопходни се подобрувања на квалитетот на патиштата и јавниот транспорт со цел да се олесни патувањето кон руралните средини. Обезбедувањето на превоз за младите до местата на образование и обука е неопходно со цел да се поддржи развојот на нивните вештини и можности за кариера.**

## #РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ИНКЛУЗИВНОСТ

**Политиките за рурален развој треба да се родово сензитивни и да го зголемат капацитетот на жените од руралните средини и нивните организации за да можат да напредуваат во сите аспекти на руралниот живот. Општините треба да обезбедат поддршка за обуки и поголема вклученост на жените во деловното претприемништво, информатичките технологии, нови технологии, кои се од витално значење за надминувањето на некои длабоко вкоренети предрасуди. Неопходно е да се искористи искуството на ГО и донаторската заедница во овој процес.**

## #ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ОД ДОЛУ – НАГОРЕ

**Руралните граѓански организации треба да бидат активни учесници во ЛИДЕР проектите и треба активно да бараат обезбедување на фондови за Локалните акциски групи (ЛАГ). Со тоа ќе се развијат решенија за локалните проблеми каде што националните политики од типот „еден пристап за сите" не се ефикасни. Зајакнувањето на пристапот од долу-нагоре ќе го олесни усогласувањето кон Стратегијата на ЕУ за локален развој воден од заедницата, која луѓето кои се соочуваат со предизвици, ги става на „водечко место" при изнаоѓање локални решенија.**

## #РУРАЛНИ ГО КАКО ЕДНАКОВ ПАРТНЕР ВО ДИЈАЛОГОТ ЗА ПОЛИТИКИТЕ

**Неопходно е да се зајакне улогата на граѓанското општество како еднаков партнер на Владата и тоа на секое ниво во дијалогот за руралните политики. Локалните проблеми успешно не можат да се решат без вклученост на заедниците.Слично на тоа, на патот кон ЕУ, ГО треба тесно да соработуваат со владините институции со цел да се подобри управувањето со руралниот развој и да се изградат институциите неопходни за пристап и функционирање во рамките на ЕУ.**

## #ИЗГРАДБА НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА - ГО

**Мрежата за рурален развој, заедно со владините и образовните институции, ГО и донаторската заедница, ќе работи кон зголемување на капацитетот на своите членови за подобро да ги изразуваат потребите на руралното население, како и да ја зајакнат својата експертиза за прашања поврзани со интегрираниот рурален развој.**

## #ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА

**Регионалната соработка гради разбирање помеѓу соседите, ја зацврстува демократијата и обезбедува широко оплеменување на идеите и дејствата на земјите од балканскиот регион. ГО од руралните средини треба да продолжат активно да учествуваат во регионалната соработка, да играат централна улога во регионалните иницијативи и да преземаат водство за понатамошна соработка и проекти во областа на руралниот развој.**

„This project is funded by the European Union„

ЕУ за ТЕБЕ

CNVP Building a Greener Economic Environment

АкРРа АКЦИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Содржината на манифестот е единствена одговорност на Мрежата за Рурален Развој на РМ и во ниту еден случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија